Врз основа на Уредбата со законска сила за примена на законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл.весник бр. 76/20 од 24.03.2020 година) и врз основа на Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл. весник бр. 134/20 од 22.05.2020 година), Наставничкиот совет на БАС, на вонредната 168 седница одржана на 29.05.2020 година, го донесе следниот

# Протокол за он лајн полагање на испити во јунската испитна сесија 2019/2020 г. на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје

- On-line спроведувањето испити во јунската испитна сесија наставниците кои изведувале настава во летниот семестар на академската 2019/20 г. го вршат во текот на работното време од работното место во БАС Битола или Скопје;
- Исклучок се лицата од посебни категории ослободени од обврската да доаѓаат на работното место, се додека не се прекинат мерките од страна на Владата и Комисијата за заразни болести;
- Асистенција за приклучување и користење на видео конференциските платформи, како и помош при настанати технички проблеми, предметните наставници можат да добијат од ИТ администраторот на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје пред. м-р Иван Ѓоргиевски.
- Наставникот презема одговорност за начинот, текот и спроведувањето на испитот.

## 1. ПОДГОТОВКИ ПРЕД ПОЛАГАЊЕ И ТЕХНИЧКИ АСПЕКТИ НА ON-LINE ПОЛАГАЊЕТО

- Сите студенти кои доставиле пријава за полагање испит се вклучуваат on-line во утврдениот термин на соодветната видео-конференциска платформа Zoom, според распоредот кој е направен за полагање на испити, а е поставен на електронскиот портал на академијата и огласните табли во Скопје и Битола. Се дозволува толеранција за доцнење од 5 минути;
- Се утврдува присуството/идентитетот на секој студент што е on-line приклучен во терминот на полагање.
- Студентите се запознаваат со условите и начинот на полагање и се разјаснуваат сите прашања поставени од страна на студентите.
- На студентите им се соопштува доколку се врши снимање (аудио или аудиовизуелно) за време на испитот или доколку се изврши screenshot – слики од екранот на компјутерот;
- Камерата и микрофонот задолжително треба да се вклучени за време на полагањето, во спротивно, истото ќе биде поништено;
- На студентите им се соопштува дека не е дозволено користење помагала при полагање (учебници, белешки, нагледни средства, интернет, телефон и сл.).
- После овие активности, студентите може да се приклучат на платформата moodle на која наставникот го има поставено испитот.

2. **МЕТОДИ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО ПРЕКУ ON-LINE ПОЛАГАЊЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОКАЖУВАЊЕ ЗА СПРОВЕДЕНИОТ ИСПИТ**

- Испитот се поставува со лимитарно креметаење до 60 минути;
- Како докази за спроведеното on-line полагање се смета Screenshot – слики од екранот на компјутерот на предметниот наставник во текот на спроведување на испитот или други технички докази;
- Наставникот задолжително обезбедува најмалку еден доказ од погоре наведените и истиот/истите го доставува до админстративната служба на БАС;
- Останатите постапки, за проверка на тестовите, формирање на оценката на студентот по соодветниот предмет и пополнување на пријавите се изведуваат согласно Правилникот за оценување на БАС.

Заменик директор

проф. д-р Лидија Стефановска